Уп. бр. 08-79

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 22.05.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на индиректна контрола над недвижен имот: земјиште на катастарска парцела бр. 127/226 и бр. 127/256, катастарска општина 1730 Мосте, лоцирано на Леталишка цеста во Љубљана, Словенија, заедно со зградата која ќе биде изградена на земјиштето од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, а кој недвижен имот е во сопственост на Л33 друштво за недвижности д.о.о. со седиште на Литостројска цеста 44А, 1000 Љубљана, Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 25.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија со која АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., (во понатамошниот текст: АЛФИ РЕ) ќе стекне контрола над

недвижен имот: земјиште на катастарска парцела бр. 127/226 и бр. 127/256, катастарска општина 1730 Мосте, лоцирано на Леталишка цеста во Љубљана, Словенија, заедно со зградата која ќе биде изградена на земјиштето, а кој недвижен имот е во сопственост на Л33 друштво за недвижности д.о.о. со седиште на Литостројска цеста 44А, 1000 Љубљана, Словенија, на кој имот е предвидена изградба на комерцијален објект „Деловна зграда [1]" со надворешно уредување и сообраќајно решение, со вкупна бруто површина од [2], чиј градежен инвеститор е друштвото [3]друштво за недвижности д.о.о.

Трансакцијата ќе се спроведе врз основа на Договор продажба склучен помеѓу ЛЕТАЛИШКА, д.о., со регистрирано седиште на Веровшкова улица 55А, Љубљана, Словенија како Купувач и Л33 друштво за недвижности д.о.о како Продавач.

Директен содружник на ЛЕТАЛИШКА е АЛФИ РЕ. АЛФИ РЕ поседува 100% од основната главнина во ЛЕТАЛИШКА.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Целта на АЛФИ РЕ Фондот е да генерира принос за инвеститорите преку инвестиции во комерцијални недвижности. Фондот инвестира во портфолио на комерцијални и канцелариски недвижности, логистички и медицински центри. Единствената цел на Фондот е да ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во согласност со инвестициската политика во портфолио од повеќе имоти со цел диверзификација на ризиците, а во исто време управителот на Фондот исто така обезбедува професионално управување и одржување на имотот преку внимателно избрани изведувачи.

Регистрирана дејност на Друштвото е: активности на управување со фондови.

АЛФИ Групата моментално има 2 поврзани друштва во Република Северна Македонија:

- Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност – трговија на големо со друга стока за домаќинства, и
- Друштво за трговија и услуги ДИВЕРТО ИНФОРМАЦИСКА СИГУРНОСТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Киро Крстевски бр. 33/1 Скопје со приоритетна дејност - компјутерски консултантски дејности.

Регистрирана дејност на Л33 е изградба на станбени и нестанбени згради.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

---

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

[2]

[3]

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**